Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 27.01.2024

Денеска (27.01.2024) во 01.30 часот полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Г.С.(29) од с.Чегране-гостиварско и В.А.(49) од с.Неготино-гостиварско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Имено, во помошен објект до угостителски објект во кој претходно била спроведена акциска контрола, а кој е лоциран покрај автопатот Гостивар-Тетово во атарот на с.Неготино-гостиварско бил пронајден и одземен кокаин. Тие биле задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок. Исто така, во угостителскиот објект полициски службеници од СВР Тетово ја привеле С.П.(26) од Р.Албанија поради непријавен престој на подрачјето. Таа била задржана во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 26.01.2024 во 22.15 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода И.К.(23), Б.Х.(22) и А.Е.(26), сите од Тетово, поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана, која претходно се обиделе да ја фрлат од патничко моторно возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.01.2024 во СВР Куманово З.С. пријавил дека во неговата нива во село Шупли Камен, кумановско, пронашол неексплодирана топовска граната. Екипа од СВР Куманово извршила увид, а гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 26.01.2024 во 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба во паркот во близина на основно училиште, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу шест малолетници од една страна и четири малолетници од друга страна, сите соученици, по што еден малолетник со тврд предмет удрил друг малолетник. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (27.01.2024) во 01.50 часот на подрачјето на Бит Пазар полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода А.А.(29) од Скопје поради тоа што во домот физички го нападнал неговиот 39- годишен брат. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.01.2024 во 23.50 часот во Полициската станица Центар, Г.Г.(55) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк во Скопје две лица со закана му одзеле пари на неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Гази Баба, А.С.(19) од Штип, пријавила дека околу 14.00 часот на паркинг просторот на Студенскиот дом „Стив Наумов" во Скопје едно лице со употреба на физичка сила и одзело мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека нивниот штитеник М.А.(16) кој на 24.01.2024 бил пријавен дека се оддалечил од установата, се вратил во установата.

На 26.01.2024 во 20.44 часот во СВР Скопје, Г.Ј.(50) и И.Ј.(41) двајцата од Скопје пријавиле дека околу 17.50 часот на подрачјето на Аеродром, нивните малолетни синови биле физички нападнати од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (27.01.2024) во 03.23 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар било опожарено патничко моторно возило „цитроен саксо" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Ј.А.(65) од Скопје. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (27.01.2024) во 02.05 часот С.М.(33) од Кочани пријавил дека во неговиот дом во Кочани двајца малолетници кои ги познал, со употреба на сила му одзеле мобилен телефон и други предмети. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата и целосно расчистување на случајот.

На 26.01.2024 во 14.00 часот во Гостивар полициски службеници од ОВР Гостивар ги привеле Е.А.(18) и еден малолетник, двајцата од Тетово поради постоење на сомнение за нивна инволвираност во физичка пресметка која се случила во близина на гостиварско средно училиште, а во која учествувале уште двајца малолетници од Гостивар. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 26.01.2024 во 20.30 часот во с.Требош-тетовско полициски службеници од СВР Тетово привеле малолетник од с.Копанчиндол-тетовско поради тоа што кај него бил пронајден и одземен нож. На малолетникот му бил изготвен поднесок од Законот за оружје.

На 26.01.2024 во 23.50 часот во Полициската станица Драчево А.С.(26) од Скопје пријавил дека на ул. „Иван Хаџи Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 26.01.2024 во 19.30 часот во Полициската станица Кисела Вода Н.М.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„1519" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 26.01.2024 во 14.45 часот во Скопје полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Н.Р.(31) од Неготино, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.01.2024 во 20.25 часот, на улица „Прилепска" во Кичево, лишен од слобода е Џ.Џ.(34) од Кичево. При извршен преглед, полициските службеници кај него, пронајдоа и одзедоа бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2024 во 21.30 часот, на улицата „Магистрален пат" во Кичево, лишен од слобода е Р.М.(45) од Кичево. При извршен преглед, полициските службеници, кај него пронајдоа и одзедоа бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2024 во 08.05 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Лазар Личеновски" патничко моторно возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(58) од Скопје, удрило во велосипед управуван од С.Р.(77) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Р., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (27.01.2024) во 01.40 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" на влез во државата бил приведен С.М. (39) од Косово затоа што при контрола приложил туѓа лична карта. Тој бил приведен од полициски службеници, а по насоки од судија од Основен кривичен суд Скопје тој бил пренесен во Прифатниот центар за странци-Скопје.

На 26.01.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Бит Пазар А.Ј.(51) од Скопје пријавил дека на ул. „Втора Македонска бригада" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 26.01.2024 во 16.15 часот во Полициската станица Гази Баба С.И.(36) од с.Јурумлери-скопско, пријавила дека на ул.„Жан Жорес" во Скопје била касната од куче скитник.

На 26.01.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров З.К.(50) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет